ЈППЈЛП Битола

# ПРАВИЛНИК
## за отстранување и преместување на непрописно паркирани возила и возила кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот , хаварисани возила и приколки и нивно чување

**Битола  април, 2022 година**

**Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Законот за јавните претпријатија ( ,,Сл. весник на РМ.” бр.38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и ,,Сл. весник на РСМ.” 275/19), член 13 став 3 алинеа 2 и 3 од Статутот на Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници на Општина Битола (ЈППЈЛП) Битола, („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 9/19, а во врска со член 63 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/2015...11/2018 и 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/2019, 302/2020 и 122/2021), член 5 став 1 алинеа 15 и 17 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012...31/2016 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/2020), член 14 и член 14 а став 2 алинеа 7 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/2008...147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021) и Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 14/12, 3/16 и 8/16 и 5/22), а врз основа на Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата (Сл. Весник на Република Македонија бр. 169/15, 226/15, 55/2016 и 11/2018 година), Закон за комуналните дејности 95/2012, 42/2014, 44/2015, 147/2015, 31/2016,64/2018 година), Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Битола, Правилник за организација и начин на наплата на јавните паркиралишта бр. 01-1/1 од 17.06.2019, Управниот одобор Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола – ЈППЈЛП Битола на ден 08.04.2022 година го донесе следниот:**

# ПРАВИЛНИК
## за отстранување и преместување на непрописно паркирани возила и возила кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот , хаварисани возила и приколки и нивно чување

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат начинот, постапката и условите за отстанување, преместување и чување на неправилно или напрописно запрени или паркирани возила на јавни прометни и јавни зелени површини, отстранување и чување на хаварисани возила и приколки од јавни површини , како и возила кои го попречуваат нормалното и безбедното движење во сообраќајот на територијата на општината како и од други локации кои се во надлежност на Општина Битола.

**Член 2**

„Јавно паркиралиште“ е посебно уреден и обележан простор наменет за паркирање на определен вид возила. Јавните паркиралишта можат да бидат надвор од површините опфатени со патиштата и улиците или на самите патишта и улици.

Под ,,заприрање возило’’ е секој прекин на движењето на возилото на патот во траење до три минути, шро што возачот не го напушта возилото, освен прекинот што се врши заради постапување според сообраќаен знак или правило со кое се регулира сообраќајот.

„Паркинг место“ е означен дел од паркиралиште кој е наменет исклучиво за паркирање на едно возило.

,,Паркирање на возило’’ е прекин на движењето на возилото во траење подолго од три минути, освен прекинот што се врши заради постапување според сообраќаен знак или правило со кои се регулира сообраќајот.

**Член 3**

Неправилно или непрописно запрено или паркирано возило е возило кое е запрено или паркирано на јавните сообраќајни површини и јавните зелени површини, како и други површини на територијата на Општина Битола, спротивно на важечките прописи за безбедност на сообраќајот.

**Член 4**

Јавни сообраќајни површини се: улици, коловози, тротоари, пристапни, пешачки и велосипедски патеки, јавни паркиралишта, плоштади, шеталишта, отворени простори пред јавни и деловни објекти, подвозници, надвозници, скали и лифтови што поврзуваат јавни сообраќајни површини, мостови и слични површини.

Јавни зелени површи се**:** паркови, дрвореди, живи огради, тревници, цветни насади, детски игралишта, зелени површини покрај улиците, покрај станбените, деловните и јавните објекти, спортско рекреативните и водени површини и други слични површини.

**Член 5**

Дејноста на отстранување и преместување на неправилно и непрописно запрени возила, о тстранување на хаварисани возила од јавна површина како и возилата кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот го врши Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во општина Битола.

**Член 6**

Дејноста за отстранување и преместување на неправилно и непрописно паркираните возила или возилата кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот и отстранување на хаварисани возила од јавна површина се врши со специјално возило т.н пајак возило кое ги исполнува сите технички услови предвидени во законската регулатива за безбедност во сообраќајот, како и законската регулатива која се однесува на работата на дигалки.

**Член 7**

Ако возилото е паркирано на место на кое тоа претставува непосредна опасност за учесниците во сообраќајот или пречка за нормално одвивање на сообраќајот или е паркирано на хортикултурно уредени зелени површини, градски зеленила и паркови полициски службеник може да нареди возилото да се отстрани, а по потреба и да се пренесе на друго место, на трошок на сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото.

**Член 8**

Отстранетите возила се сместуваат на посебно определен, ограден простор т.н депо за возила, обезбеден со просторија за примопредавање на возилата. Одговорното лице на депото за возила води комплетна евиденција за донесените возила, односно датум и време на прием на возилото, вид и модел на возилото, регистерска бројка, забелешка за состојбата на возилото, датум и време на негово предавање.

**Член 9**

Отстранувањето или преместуањето на возилата од јавните сообраќајни површини и од јавните зелени површини или на возилата кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот се врши врз основа на наредба на полициски службеник или комунален инспектор, радар.

По исклучок, отстранување или преместување на возило може да се изврши и по барање на сопственикот на возилото при што сопственикот на возилото е должен да достави писмено барање до вршителот на услугата.

Исто така , може да се изврши отстранување или преместување на возила од јавните паркиралишта со кои управува Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници на Општина Битола (ЈППЈЛП) Битола, може да се изврши по барање на корисник на паркиралиштето доколку:

- барателот за преместување или отстранување на возилото е корисник на резидентниот паркинг простор под надлежност на претрпијатието и возилото кое што треба да биде отстрането или преместено не е евидентирано под режимот на возила на резидентниот паркинг, односно нема валидна паркинг карта.

Овој исклучок се применува и во случаите кога:

- возилото кое се бара да биде преместено или отстрането е паркирано на резервирано паркинг место а истото не е возило на корисникот на резервираниот паркинг простор, или
- возилото кое се бара да биде преместено или отстрането е паркирано на паркинг место наменето за лица со инвалидитет а истото возило не е во сопственост на лице со инвалидитет, односно е лице кое управува со возило кое непрописно го користи соодветно обележаниот паркниг простор наменет за лица со посебни потреби.

**<u>Отстранување и чување на хаварисани возила и приколки од јавните површини</u>**

**Член 10**

Хаварисано, односно оштетено возило е секое возило кое поради настаната хаварија или дотраеност не е во состојба да се движи со снагата на својот мотор.

**Член 11**

Под отстранување и чување хаварисани возила и приколки во смисла на овој Правилник се подразбира начинот и постапката за отстранување на оштетени, дотраени и неисправни возила и приколки од јавните и сообраќајните површини на територијата на Општина Битола, нивно подигање и транспортирање со специјални, за таа цел, возила и нивно времено сместување во специјално обезбеден простор за чување.

**Член 12**

Отстранување и чување на хаварисани возила и приколки од јавните површини го врши Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници на Општина Битола (ЈППЈЛП) Битола, а по налог на комунален инспектор на Општина Битола.

**Член 13**

За отстранување на хаварисано возило или приколка комуналниот инспектор на Општина Битола, на сопственикот односно на носителот на правото на користење на возилото или приколката ќе му издаде решение со кое ќе му наложи отстрнување на возилото или приколката во рок од 10 (десет) дена од денот на доставувањето на решението.

Доколку со контролниот инспекциски надзор комуналниот инспектор констатира дека возилото или приколката не се отстранети, односно не може да се пронајде сопственикот, односно носителот на правото на користење, комуналниот инпектор ќе залепи налепница со која ќе го информира сопственикот или носителот на правото на користење да го отстрани возилото или приколката во рок од 10 дена.

Доколку и покрај наведеното сопственикот или носителот на на правото на користење на возилото или приколката не го отсрани сам, во рокот утврден во ставовите 1 и 2 на овој член, комуналниот

инспектор изготвува записник и издава налог или наредба за отстранување на возилото до Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници на Општина Битола (ЈППЈЛП) Битола – давател на услугата за отстранување и чување хаварисани возила и приколки.

Записникот ги содржи податоците определени со Одлуката закомунален ред и мерки за нејзино спроведување на Општина Битола.

Давателот на услугата по издадениот налог или наредба од комуналниот инспектор на Општина Битола е должен веднаш да отпочне со отстранување на возилото или приколката во присуство на овластено лице – комунален инспектор.

**Член 14**

Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници на Општина Битола (ЈППЈЛП) Битола – давател на услугата е должно отстранетите возила да ги смести на посебно безбеден простор наменет за нивно паркирање и да ги чува до нивното предавање на сопственикот или носителот на правото на користење на возилото или приколката.

Времетраењето на чувањето на возилото или приколката е до 30 дена.

Доколку сопственикот или носителот на правото на користење на возилото или приколката не се јави во рокот од претходниот став даватаелот на услугата го отуѓува возилото или приколката на начин пропан со Закон.

По истекот на рокот од став 2 на овој член давателот на услугата ќе покрене постапка пред надлежен орган за надомест на направните трошоци за чување на возилото или приколката.

Просторот на кој се чуваат отстранетите хаварисани возила или приколки го определува давателот на услугата по претходна согласност на Општина Битола.

**Член 15**

При примопредавањето на отстранетото возило или приколка сопственикот или носителот направото на користење на возилото или приколката е должен да го приложи доказот за сопственост на својот идентитет..

Примопредавањето од претходниот став се врши на посебно обезбедениот простор за чување.

По исклучок од ставот 2 на овој член примопредавањето на возилото или приколката што се отстранува може да се изврши и на самото место каде што се врши остранувањето, додека возилото или приколката сеуште не се поставени на платформата на специјалното возило.

**Член 16**

Примопредавањето на отстранетото возило или приколка се врши по извршената наплата на трошоците за отстранување, односно со приложување документ за платени трошоци.

**Член 17**

Трошоците, односно висината на надоместокот за отстранување и чување на хаварисаното возило или приколка ги утврдува Советот на Општина Битола со посебна одлука на предлог на Управниот одбор, а по претходно дадено позитивно мислење од Надзорниот одбор на Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници на Општина Битола (ЈППЈЛП) Битола.

## Отстранување и чување непрописно паркирани возила

**Член 18**

По издадена наредба за отстранување на возилото од страна на службено лице при министерството за внатрешни работи или надлежен комунален инспектор од надлежен општински

орган, лицата кои работат со специјалното возило за отстранување и преместување на возилата должни се:

- да извршат фотографирање на возилото на дадената локација;
- да извршат детален преглед на каросеријата на возилото и во случај на постоечки оштетување на истото да ги фотографираат од различни агли,
- да направат извешатај со податоци за датумот и времето на подигање, локација, податоци за возилото (вид, марка, тип и број на регистарски таблици), како и да внесат податоци за евидентирани оштетувања на возилото пред подигување на истото,
- да извршат безбеден транспорт на возилото до определениот простор за негово одлагање.

**Член 19**

Во случај кога за време на процесот на отстранување на возилото се појави сопственикот на возилото и прифати да плати на лице место надомест за отстранување на возилото лицата кои работат со специјалното возило должни се:

- да извршат идентификација на сопственикот на возилото или идентификација на лицето кое го вози возилото, да побараат доказ за сопственост, сообраќајна дозвола или документ за овластување на користење на возилото и да извршат надокнада согласно ценовникот за услуги за работа со специјалното возило.

**Член 20**

Во случај на зголемена фрекфенција на сообраќај на возила, на локација каде треба да се изврши наплатата на возилото на лице место, лицата кои работат со специјалното возило имаат право да извршат преместување на возилото на друга локација и да извршат наплата на предвидената надокнада.

**Член 21**

Кога отстранетите возила се одлагаат во депо за возила, одговорното лице на локацијата, пред да го смести возилото во депото, потребно е да изврши контрола на возилото во делот на постоечки оштетувања на истото, евидентирани од страна на лицата кои работата со пајак возилото, истите да ги евидентира и води евиденција.

**Член 22**

Времетраењето на чување на возилото во депото не теба да биде подолго од 30 дена. Доколку при отстранувањето на возилото тоа биде оштетено, без вина на давателот на услугата, трошоците ќе ги сноси сопственикот односно носителот на правото на користење.

Во случај на истекување на наведениот рок јавното претпријатие ќе покрене постапка пред надлежен орган за надомест на направените трошоци за чување на возилото. Трошоците за отстранување и чување на возилото се на товар на сопственикот, односно на корисникот на возилото.

Доколку сопственикот или носителот на правото на користење на возилото не се јави во рокот од претходниот став давателот на услугата го отуѓува возилото на начин пропишан со Закон.

**Член 23**

Во случај кога се врши предавање на возилото од депото каде е одложено, одговорното лице на депото должно е:

- Да изврши идентификација на сопственикот на возилото или лицето кое го возело возилото, да побара доказ за сопственост, сообраќајна дозвола или документ за овластување на користење на возилото и да изврши наплата согласно ценовникот за услуги за работа со специјалното возило.

- Пред примопредавањето на возилото одговрното лице на депото за возила, должно е да го известат надлежниот орган (секторот за внатрешни работи или надлежниот општински орган) кој издал наредба за отстранување на возилот дека ке се изврши предавање на возлото.

**Член 24**

Во случај кога сопственик на возило побара да се изврши отстранување или преместување на свое возило заради оправдани причини, истиот е должен во писмено барање да побара услуга од ЈП, при што потребно е да достави доказ за сопственост на возилото.

**Член 25**

Пред да се изврши услугата, сопственикот на возилото е должен за изврши уплата за извршената услуга согласно ценовникот на услуги за подигање и пренесување на непрописно паркирани возила и возила кои го попоречуваат безбедното движење во сообраќајот.

**Член 26**

Наплата на услугите на ЈП се вршат врз основа на ценовник предложен од страна на Управниот одбор на ЈП, а по претхнодно позитивно мислење од Надзорниот одбор а усвоен од страна на Совет на Општина Битола.

**Член 27**

Лицата задолжени за наплата должни се наплатените средства во текот на работниот ден да ги предадат во одделението за благајничко работење до 8 часот за претходниот ден.

**Член 28**

Во случај на предизвикување на несакани последици на оштетување на возилото за време на подигнувањето или на спуштањето на возилото, или при неговото транспортирање, лицата кои работата со пајак возилото се должни веднаш да пријават кај одговорното лице на нивната служба.

**Член 29**

Одговорнот лице е должно да ги преземе сите законски мерки за решавање на предизвиканиот случај, односно да го информира сопственикот на возилото, да го извести МВР, да повика проценител и да направи запсиник.

**Член 30**

Во случај кога ќе се констатира дека предизвикана штета е од страна на давателот на услугата, ЈП е должно истата да ја надомести согласно извршеното вештачење на возилото.

**Член 31**

Сопсветникот на отстранетото возило не смее да влези во депото на возила без дозвола од одговорното лице и да врши фотографирање, снимање на возилото во депото или да прзема други дејствија.

**Член 32**

Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници на Општина Битола (ЈППЈЛП) Битола може да склучи договор за деловна соработка со овластени извршители за користење на пајак служба при преземање на извршни дејствија согласно Закон за извршувањето, со цел преместување на моторни возила кои се предмет на попис, процена и пленидба од одредена дестинација до депото на пајак службата или друго место кое дополнително ќе биде одредено за чување на истите во одреден период, во согласност со барањето на корисникот на услугата – овластениот извршител.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 33**

Надзор над примената на овој Правилник врши комунална инспекција.

**Член 34**

Сите спорови кои ќе произлезат а се во врска со правилата од овој Правилник ќе ги решава надлежен Општински суд.

**Член 35**

Овој Правилник може да се менува и дополнува на ист начин и иста постапка како и неговото донесување.

**Член 36**

Овој Правилник влегува на сила од денот на неговото донесување.

Битола, Април 2022 година

Претседател на УО

--------------------------------